**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1032/**

# З А П И С Н И К

**Од 211.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.02.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска , Анита Латифи и Ивана Трајковска. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

**211.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи Точка.2 од предложениот дневен ред да биде повлечена, поради немање на материјал по истата.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои предлогот и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 210.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен програмски и административен надзор врз МРА 1, МРА 2 и МРА 3 за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1, член 97 , членови 53, 54, 98, 99 и 101, член 64, 90, 92 став 4, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ.

3. Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен административен надзор врз МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5 за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ.

4. Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен програмски надзор врз МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5 за почитување на член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94, член 64, член 90, член 92 став 1 од ЗААВМУ.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 210.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 210.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 210.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 210.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен програмски и административен надзор врз МРА 1, МРА 2 и МРА 3 за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1, член 97 , членови 53, 54, 98, 99 и 101, член 64, 90, 92 став 4, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ.**
Ристе Панов кажа дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги извршила административен и програмски надзор на македонското радио 1, 2 и 3 програмски сервис и на петте програмски сервиси на македонската телевизија. По оваа точка тој даде образложение дека член 64, член 90 и член 92 став 4 од законот за ААВМУ се однесуваат за обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радио и дневно емитување на законски утврдениот процент изворно создадена музика, и се однесува за извршен редовен програмски надзор врз радио програмските сервиси на МРА1, МРА2 и МРА3. Ристе Панов исто така посочи дека е извршен административен и програмски надзор врз основа на почитувањето на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ, како и членовите 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ, врз радио програмските сервиси на МРА1, МРА2, МРА3, за законските обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и објава на идентификација на радиодифузер, за почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество. Од извештаите при надзорите не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ и Законот за медиуми по сите овие членови.

ТОЧКА 3: **Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен административен надзор врз МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5 за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ.**
Ристе Панов посочи дека Агенцијата извршила административен надзор за почитување на член 14 од Закон за медиуми, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ и тие се однесуваат за законските обврски за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и објава на идентификација на радиодифузер, врз телевизиските програмски сервиси на МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5. Од разгледаните извештаи не биле констатирани прекршувања на обврските од овие членови од ЗААВМУ и Законот за медиуми.

ТОЧКА 4: **Разгледување на Извештаи на ААВМУ за редовен програмски надзор врз МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5 за почитување на член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94, член 64, член 90, член 92 став 1 од ЗААВМУ.**
Ристе Панов кажа дека со овие извештаи на Агенцијата се опфатени член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ, кои се однесуваат за почитување на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество и врз основа на нив е извршен надзор врз телевизиските програмски сервиси на МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5.

Тој посочи дека при надзорот било констатирано дека спротивно на член 55 став 5 од ЗААВМУ, во дел од програмата на МТВ 2 емитувана на 4 јануари 2023, биле пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи, за кое Агенцијата издала Решение јавна опомена во кое е наведено дека треба во рок од 20 дена МРТ2 да го усогласи своето работење, на кој Агенцијата ќе спроведе повторен надзор. Ристе Панов укажа и за извршениот програмски надзор по член 64, член 90, член 92 став 1 од ЗААВМУ, а се однесуваат за употреба на јазикот во програмата, квота за изворно создадена програма како македонски аудио и аудиовизуелни дела. При извршените надзорите не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ и Законот за медиуми по овие членови.
Заменик Претседателот на советот Ведат Мемедалија побара по однос на Решението за јавна опомена до МТВ2, Главната и одговорна уредничка на сервисот Мигена Горенца да достави до Програмскиот совет на МРТ дали е постапено по оваа јавна опомена од агенциијата, односно дали се превземени мерки и какви.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 11.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател